03-225/2
21-03-18

Република Македонија

## ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Зрновци

### ОРГАНИЗИРА

1. Јавен увид и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за УПС во Општина Зрновци.
Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа, Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за:
- УПС Зрновци КО Зрновци Општина Зрновци,
- УПС Мородвис КО Мородвис Општина Зрновци,
- УПС Видовиште КО Видовиште Општина Зрновци

2. Извештаите за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина за горенаведените УПС за населени места се изложени во Одделението за урбанизам и заштита и влијание врз животната средина во Општина Зрновци секој работен ден од 8 - 16часот почнувајќи од 21.03.2018 год. до 21.04.2018 год.

3. Јавната расправа ќе се одржи на ден 11.04.2018г. во сала за Совет на Општина Зрновци,со почеток во 12 часот за УПС Зрновци, во 12:30 за УПС Мородвис и во 13:00 за УПС Видовиште.

4. Правните и физичките лица и јавноста можат да го доставaт своето мислење во врска со Извештајот до Општина Зрновци во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација
Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќате на е_маил: info@zrnovci.gov.mk , или по пошта на следната адреса Општина Зрновци , ул. Илинденска бб. Зрновци

ГРАДОНАЧАЛНИК
Блаже Станков